**УЖ-2.бр.249/2020**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, изјавена преку полномошник Адвокат Трајче Трајковски од Велес, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година и Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година, за јавни набавки и за надомест на трошоци по јавни набавки, на седница на советот одржана на ден 10.09.2021 година, донесе

П Р Е С У Д А

Жалбите на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година и Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година, СЕ ПОТВРДУВААТ.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, ја уважил и оспореното решение во ставот 3 го поништил и го задолжил договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот и тоа износ од 250,00 денари на име административна такса, износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, износ од 5.000,00 денари за состав на

жалба и 1.300,00 денари за состав на полномошно, согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Во останатиот дел од изреката, оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, останува непроменето.

Управниот суд со Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година го одбил како неосновано, Барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес за надомест на трошоците во постапката против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година.

Против пресудата на Управниот суд У-5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година жалба изјави тужителот преку полномошник, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешна и нецелосна утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, првостепената пресуда да се преиначи и да се одлучи на начин што тужбата на тужителот да се уважи и оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година да се поништи и да се задолжи Државната комисија за жалби по јавни набавки да му ги надомести трошоците по жалба на тужителот во износ од 19.328,00 денари.

Тужителот преку полномошник изјави жалба и против Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година на Управниот суд, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешна и нецелосна утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година да се преиначи и да се одлучи на начин што барањето за надомест на трошоци да се уважи , оспореното Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година да се поништи и да се задолжи Државната комисија за жалби по јавни набавки да му ги надомести трошоците по жалба на тужителот во износ од 19.328,00 денари.

Тужениот орган поднесе одговор на жалба во кој останува како во образложението на побиваното решение.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите на предметот, произлегува дека во постапка по жалба изјавена од тужителот, тужениот орган донел решение со кое жалбата, на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-163/5 од 22.10.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09819/2019 за набавка на стоки - Огревно дрво за потребите на училиштето на договорниот орган ОУ Ѓорѓи Пулевски - Маврово-Ростуше, се усвојува. Се поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.05-163/5 од 22.10.2019 година и постапката постапката по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09819/2019 за набавка на стоки - Огревно дрво за потребите на училиштето на договорниот орган ОУ Ѓорѓи Пулевски - Маврово-Ростуше. Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 5.000,00 денари за состав на жалба согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Решението на Државната комисија е конечно по извршената достава. Сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката. Во образложение, покрај другото органот навел дека во однос на барањето за адвокатски трошоци на тужителот истото не е во потполност одредено и специфицирано во однос на бараниот износ, односно на кои делови се однесуваат останатите дополнителни зголемувања за часовнина и зголемување. Согласно член 166 од Законот за јавните набавки, адвокатскиот тарифник, како и проценетата вредност на предметната јавна набавка, Државната Комисија одлучила на тужителот да му се надоместат адвокатските трошоци во висина од 5.000,00 денари, за состав на жалба. Во однос на барањето за надомест на трошоци за изготвување на полномошно, органот не го прифатил со оглед дека трошоци за изготвување на полномошно не биле предвидени во Адвокатскиот тарифник.

Незадоволен тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес со тужба повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи го наведеното решение на тужениот орган.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, ја уважил и оспореното решение во ставот 3 го

поништил и го задолжил договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот и тоа износ од 250,00 денари на име административна такса, износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, износ од 5.000,00 денари за состав на жалба и 1.300,00 денари за состав на полномошно, согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Во останатиот дел од изреката, оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, останува непроменето.

Тужителот преку Управниот суд вложил жалба до Вишиот управен суд, против Пресудата на Управниот суд. Постапувајќи по жалбата овој Суд со писмо административно го вратил предметот на Управниот суд за да донесе допонително решение за трошоците по постапката за состав на тужба против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Управниот суд донел Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година со кое го одбил како неосновано, Барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес за надомест на трошоците во постапката против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, од причини што во постапката по управен спор, секоја странка ги сноси своите трошоци, согласно член 7-б од Законот за управните спорови.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд У-5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година и Дополнителното решение У-5.бр.1975/2019 од 08.04.2021 година се правилни и законити.

Согласно членот 165 став 1 точка 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), во постапката пред Државната комисија подносителот на жалбата покрај административната такса плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на понудата и тоа до 10.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 50 евра во денарска противвредност.

Согласно членот 166 став 7 в.в. став 3 од Законот за јавните набавки, во случај на целосно усвојување на жалбата договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката, така што Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението.

Согласно членот 8 дел I точка 2 од Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите („Службен весник на РМ“

бр.13/2017), за поднесоци со барање до 10.000,00 денари наградата за пишување изнесува 1.000,00 денари.

Согласно пак точката 13 од делот I, за необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден.

Согласно членот 10 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2015), јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка.

Вишиот управен смета дека во конкретниот случај, Државна Комисијата за жалби по јавни набавки правилно постапила кога жалбата на тужителот ја одбила како неоснована. Имено, Управниот суд со обжалената Пресуда правилно постапил кога ја уважил тужбата на тужителот со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган неправилно го применил материјалното право, констатирајќи дека по однос на трошоците на постапката Државната комисија го задолжила договорниот орган - ОУ Ѓорѓи Пулевски - Маврово-Ростуше, да му ги надомести на сега тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, само трошоците во износ од 250,00 денари, на име на административна такса и трошоците во износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбената постапка како и износ од 5.000,00 денари за состав на жалба, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Од горе наведеното произлегува дека со обжалената пресуда на Управниот суд правилна и законита односно дека тужениот орган неправилно постапил кога го одбил како неосновано барањето на тужителот за исплата на адвокатски трошоци за состав на полномошно, констатирајќи дека барањето за адвокатски трошоци не е во потполност одредено и специфицирано во однос на бараниот износ како и дека трошоците за изготвување на полномошно не биле предвидени во Адвокатскиот тарифник. Ова од причина што видно од Трошковникот на полномошникот на тужителот како составен дел кон жалбата бр.09819/2019, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-163/5 од 22.10.2019 година, Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката е во целост специфицирано и определено на начин што тужителот за состав на полномошно побарал износ од 1.300,00 денари согласно член 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите каде во точка 13 е предвидено дека за необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е

овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден од наведениот член.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот, меѓутоа смета дека истите немаат влијание на поинакво одлучување.

Барањето на тужителот за трошоци направени по постапката, овој суд го одби како неосновано. Ова согласно член 7-б од Законот за управните спорови, со кој е утврдено дека во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а и 7-б од Законот за управните и член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 10.09.2021 година под УЖ-2.бр.249/2020.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

/ИК